УНИВЕРЗИТЕТ ,,ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, организира
14ти Симпозиум со меѓународно учество:

# ДЕНТО - ФАЦИЈАЛНА ЕСТЕТИКА И ФУНКЦИЈА ВО СОВРЕМЕНАТА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

www.fmn.ugd.edu.mk



Дентална
МЕДИЦИНА
14

агенда
локација

Штип, Мултимедијален центар

15.11.2025
ДАТУМ НА ОДРЖУВАЊЕ

ПРЕДАВАЧ


доц.д-р САНДРА АТАНАСОВА
Ортодонција
Доцент
Факултет за медицински науки,
Универзитет Гоце Делчев
Штип, Северна Македонија




Тема на предавањето на собирот:

## ПЕРЦЕПЦИИ ЗА АТРАКТИВНОСТА НА НАСМЕВКАТА: ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ И СУБЈЕКТИВНИ ОЧЕКУВАЊА

Убавината и естетиката во ортодонцијата се динамични концепти кои ја надминуваат традиционалната цел за постигнување идеална оклузија. Современите третмани се насочени кон создавање хармоничен и избалансиран лицев профил, при што насмевката има централно значење за лицевата атрактивност и самодовербата на пациентите. Перцепцијата на убавината, иако субјективна, се оформува под влијание на професионалните критериуми и општествените очекувања, а насмевката претставува резултат на сложена интеракција помеѓу забите, гингивата и усните. Ортодонцијата денес ја прифаќа парадигмата на меките ткива, интегрирајќи ги естетските аспекти со функционалните, со цел да се обезбеди резултат кој одговара и на стручната проценка и на индивидуалните очекувања на пациентот. Притоа, задоволството по третманот зависи од способноста на стоматолошките професионалци да препознаат дека естетските критериуми не се апсолутни, туку варираат во зависност од личните и културните перцепции. Современиот пристап во дизајнирањето на насмевката подразбира мултидисциплинарна соработка и систематско земање предвид на факторите кои ја дефинираат привлечноста, што овозможува создавање на резултати кои се во согласност со професионалните стандарди и истовремено одразуваат индивидуализирани естетски вредности.

www.fmn.ugd.edu.mk

## ПРЕДАВАЧИ:

ДЕНТО - ФАЦИЈАЛНА ЕСТЕТИКА И ФУНКЦИЈА ВО СОВРЕМЕНАТА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

### доц.д-р Сандра Атанасова



Д-р Сандра Атанасова е специјалист по ортодонција и доцент на Факултетот за медицински науки, Дентална медицина при Универзитетот Гоце Делчев во Штип. Специјализацијата по ортодонција ја завршила на истиот факултет, а докторирала на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методи во Скопје. Докторската дисертација ја брани под наслов - Евалуација на естетика и објективна преценка на атрактивност на насмевка кај различни малоклузии во корелација со ортодонтски третман . Активно учествува во наставниот и научноистражувачкиот процес, менторира студентски и дипломски истражувања и има значајна улога во организацијата на студентски конгреси, симпозиуми и летни школи. Автор и коавтор е на повеќе учебници, практикуми и учебни помагала од областа на ортодонцијата, како и на научни трудови публикувани во домашни и меѓународни списанија. Своите истражувања ги презентира на бројни научни конференции, симпозиуми и конгреси. Нејзините професионални интереси се насочени кон современите ортодонтски пристапи, со особен акцент на подобрување на лицевата естетика и естетиката на насмевката.

www.fmn.ugd.edu.mk